UDK 37

ISSN 2545 - 4439
ISSN 1857 - 923X

# INTERNATIONAL JOURNAL

Institute of Knowledge Management

# KNOWLEDGE

Scientific Papers

SOCIAL SCIENCES

Vol. 51.1

KIJ Vol. 51 No. 1 pp. 1 - 262 Skopje 2022

KNOWLEDGE

INTERNATIONAL JOURNAL

# SCIENTIFIC PAPERS
# VOL. 51.1

*March, 2022*

**INSTITUTE OF KNOWLEDGE MANAGEMENT**
**SKOPJE**

# KNOWLEDGE

## International Journal Scientific Papers Vol. 51.1

**ADVISORY BOARD**

Vlado Kambovski PhD, Robert Dimitrovski PhD, Siniša Zarić PhD, Maria Kavdanska PhD, Mirjana Borota – Popovska PhD, Veselin Videv PhD, Ivo Zupanovic, PhD, Savo Ashtalkoski PhD, Zivota Radosavljević PhD, Laste Spasovski PhD, Mersad Mujevic PhD, Milka Zdravkovska PhD, Drago Cvijanovic PhD, Predrag Trajković PhD, Lazar Stosic PhD, Krasimira Staneva PhD, Nebojsha Pavlović PhD, Daniela Todorova PhD, Baki Koleci PhD, Lisen Bashkurti PhD, Zoran Srzentić PhD, Itska Derijan PhD, Sinisa Opic PhD, Marija Kostic PhD

**Print:** GRAFOPROM – Bitola

**Editor:** IKM – Skopje

**Editor in chief**
Robert Dimitrovski, PhD

**KNOWLEDGE - International Journal Scientific Papers Vol. 51.1**

**ISSN 1857-923X (for e-version)**
**ISSN 2545 – 4439 (for printed version)**

## INTERNATIONAL EDITORIAL BOARD

**President:** Academic Prof. Vlado Kambovski PhD, Skopje (N. Macedonia)

**Vice presidents:**
Prof. Robert Dimitrovski PhD, Institute of Knowledge Management, Skopje (N. Macedonia)
Prof. Sinisa Zaric, PhD, Faculty of Economics, University of Belgrade, Belgrade (Serbia)
Prof. Mersad Mujevic PhD, Public Procurement Administration of Montenegro (Montenegro)
Prof. Tihomir Domazet PhD, President of the Croatian Institute for Finance and Accounting, Zagreb (Croatia)

**Members:**
- Prof. Azra Adjajlic – Dedovic PhD, Faculty of criminology and security, Sarajevo (Bosnia & Herzegovina)
- Prof. Aleksandar Korablev PhD, Faculty of economy and management, Saint Petrsburg State Forest Technical University, Saint Petrsburg (Russian Federation)
- Prof. Anita Trajkovska PhD, Rochester University (USA)
- Prof. Aziz Pollozhani PhD, Rector, University Mother Teresa, Skopje (N.Macedonia)
- Prof. Anka Trajkovska-Petkoska PhD, UKLO, Faculty of technology and technical sciences, Bitola (N. Macedonia)
- Prof. Aneta Mijoska PhD, Faculty of Dentistry, University “St. Cyril and Methodius”, Skopje (N. Macedonia)
- Prof. Alisabri Sabani PhD, Faculty of criminology and security, Sarajevo (Bosnia & Herzegovina)
- Prof. Artan Nimani PhD, Rector, University of Gjakova “Fehmi Agani” (Kosovo)
- Prof. Ahmad Zakeri PhD, University of Wolverhampton, (United Kingdom)
- Prof. Ana Dzumalieva PhD, South-West University “Neofit Rilski”, Blagoevgrad (Bulgaria)
- Prof. Ali Hajro, PhD, Military Academy “Mihailo Apostolski”, Skopje (N. Macedonia)
- Prof. Branko Sotirov PhD, University of Rousse, Rousse (Bulgaria)
- Prof. Branko Boshkovic, PhD, College of Sports and Health, Belgrade (Serbia)
- Prof. Branimir Kampl PhD, Institute SANO, Zagreb (Croatia)
- Prof. Baki Koleci PhD, University Hadzi Zeka, Peya (Kosovo)
- Prof. Branislav Simonovic PhD, Faculty of Law, Kragujevac (Serbia)
  Prof. Bistra Angelovska, Faculty of Medicine, University “Goce Delcev”, Shtip (N.Macedonia)
- Prof. Cezar Birzea, PhD, National School for Political and Administrative Studies, Bucharest (Romania)
- Prof. Cvetko Andreevski, Faculty of Tourism, UKLO, Bitola (N.Macedonia)
- Prof. Drago Cvijanovic, PhD, Faculty of Hotel Management and Tourism, University of Kragujevac, Vrnjacka Banja (Serbia)
- Prof. Dusan Ristic, PhD Emeritus, College of professional studies in Management and Business Communication, Novi Sad (Serbia)
- Prof. Darijo Jerkovic PhD, Faculty of Business Economy, University “Vitez”, (Bosnia & Herzegovina)
- Prof. Daniela Todorova PhD, “Todor Kableshkov” University of Transport, Sofia (Bulgaria)
- Prof. Dragan Kokovic PhD, University of Novi Sad, Novi Sad (Serbia)
- Prof. Dragan Marinkovic PhD, High health – sanitary school for professional studies, Belgrade (Serbia)
- Prof. Itska Mihaylova Derijan PhD, University Neofit Rilski, Faculty of pedagogy, Blagoevgrad (Bulgaria)

- Prof. Dzulijana Tomovska, PhD, Faculty of Biotechnical sciences, Bitola (N.Macedonia)
- Prof. Evgenia Penkova-Pantaleeva PhD, UNWE -Sofia (Bulgaria)
- Prof. Fadil Millaku, PhD, University “Hadzi Zeka”, Peja (Kosovo)
- Prof. Fatos Ukaj, University “Hasan Prishtina”, Prishtina (Kosovo)
- Prof. Georgi Georgiev PhD, National Military University “Vasil Levski”, Veliko Trnovo (Bulgaria)
- Prof. Halit Shabani, PhD, University “Hadzi Zeka”, Peja (Kosovo)
- Prof. Halima Sofradzija, PhD, University of Sarajevo, Saraevo (Bosnia and Herzegovina)
- Prof. Haris Halilovic, Faculty of criminology and security, University of Sarajevo, Saraevo (Bosnia and Herzegovina)
- Prof. Helmut Shramke PhD, former Head of the University of Vienna Reform Group (Austria)
- Prof. Hristina Georgieva Yancheva, PhD, Agricultural University, Plovdiv (Bulgaria)
- Prof. Hristo Beloev PhD, Bulgarian Academy of Science, Rector of the University of Rousse (Bulgaria)
- Prof. Hristina Milcheva, Medical college, Trakia University, Stara Zagora (Bulgaria)
- Prof. Izet Zeqiri, PhD, Academic, SEEU, Tetovo (N.Macedonia)
- Prof. Ivan Marchevski, PhD, D.A. Tsenov Academy of Economics, Svishtov (Bulgaria)
- Prof. Ibrahim Obhodjas PhD, Faculty of Business Economy, University “Vitez”, (Bosnia & Herzegovina)
- Doc. Igor Stubelj, PhD, PhD, Faculty of Management, Primorska University, Koper (Slovenia)
- Prof. Ivo Zupanovic, PhD, Faculty of Business and Tourism, Budva (Montenegro)
- Prof. Ivan Blazhevski, PhD, Institute for Sociological, Political and Juridical Research, Skopje (N.Macedonia)
- Prof. Isa Spahiu PhD, AAB University, Prishtina (Kosovo)
- Prof. Ivana Jelik PhD, University of Podgorica, Faculty of Law, Podgorica (Montenegro)
- Prof. Islam Hasani PhD, Kingston University (Bahrein)
- Prof. Jamila Jaganjac PhD, Faculty of Business Economy, University “Vitez”, (Bosnia & Herzegovina)
- Prof. Jova Ateljevic PhD, Faculty of Economy, University of Banja Luka, (Bosnia & Herzegovina)
- Prof. Jonko Kunchev PhD, University „Cernorizec Hrabar“ - Varna (Bulgaria)
- Prof Karl Schopf, PhD, Akademie fur wissenschaftliche forchung und studium, Wien (Austria)
- Prof. Katerina Belichovska, PhD, Faculty of Agricultural Sciences, UKIM, Skopje (N. Macedonia)
- Prof. Krasimir Petkov, PhD, National Sports Academy “Vassil Levski”, Sofia (Bulgaria)
- Prof. Kamal Al-Nakib PhD, College of Business Administration Department, Kingdom University (Bahrain)
- Prof. Kiril Lisichkov, Faculty of Technology and Metallurgy, UKIM, Skopje (N.Macedonia)
- Prof. Krasimira Staneva PhD, University of Forestry, Sofia (Bulgaria)
- Prof. Lidija Tozi PhD, Faculty of Pharmacy, Ss. Cyril and Methodius University, Skopje (N.Macedonia)
- Prof. Laste Spasovski PhD, Vocational and educational centre, Skopje (N.Macedonia)
- Prof. Larisa Velic, PhD, Faculty of Law, University of Zenica, Zenica ( Bosnia and Herzegovina)
- Prof. Łukasz Tomczyk PhD, Pedagogical University of Cracow (Poland)
- Prof. Lujza Grueva, PhD, Faculty of Medical Sciences, UKIM, Skopje (N.Macedonia)

- Prof. Lazar Stosic, PhD, Association for development of science, engineering and education, Vranje (Serbia)
- Prof. Lulzim Zeneli PhD, University of Gjakova "Fehmi Agani" (Kosovo)
- Prof. Lisen Bashkurti PhD, Global Vice President of Sun Moon University (Albania)
- Prof. Lence Mircevska PhD, High Medicine School, Bitola, (N.Macedonia)
- Prof. Ljupce Kocovski PhD, Faculty of Biotechnical sciences, Bitola (N.Macedonia)
- Prof. Marusya Lyubcheva PhD, University "Prof. Asen Zlatarov", Member of the European Parliament, Burgas (Bulgaria)
- Prof. Marija Magdinceva – Shopova PhD, Faculty of tourism and business logistics, University "Goce Delchev", Shtip (N. Macedonia)
- Prof. Maria Kavdanska PhD, Faculty of Pedagogy, South-West University Neofit Rilski, Blagoevgrad (Bulgaria)
- Prof. Vaska Stancheva-Popkostadinova, PhD, Faculty of Public Health and Sport, SWU Neofit Rilski, Blagoevgrad (Bulgaria)
- Prof. Mirjana Borota-Popovska, PhD, Centre for Management and Human Resource Development, Institute for Sociological, Political and Juridical Research, Skopje (N.Macedonia)
- Prof. Mihail Garevski, PhD, Institute of Earthquake Engineering and Engineering Seismology, Skopje (N.Macedonia)
- Prof. Misho Hristovski PhD, Faculty of Veterinary Medicine, Ss. Cyril and Methodius University, Skopje (N.Macedonia)
- Prof. Mitko Kotovchevski, PhD, Faculty of Philosophy, UKIM, Skopje (N.Macedonia)
- Prof. Milan Radosavljevic PhD, Dean, Faculty of strategic and operational management, Union University, Belgrade (Serbia)
- Prof. Marija Topuzovska-Latkovikj, PhD, Centre for Management and Human Resource Development, Institute for Sociological, Political and Juridical Research, Skopje (N.Macedonia)
- Prof. Marija Knezevic PhD, Academic, Banja Luka, (Bosnia and Herzegovina)
- Prof. Margarita Bogdanova PhD, D.A.Tsenov Academy of Economics, Svishtov (Bulgaria)
- Prof. Mahmut Chelik PhD, Faculty of Philology, University "Goce Delchev", Shtip (N.Macedonia)
- Prof. Mihajlo Petrovski, PhD, Faculty of Medical Sciences, University "Goce Delchev", Shtip (N.Macedonia)
- Prof. Marija Mandaric PhD, Faculty of Hotel Management and Tourism, University of Kragujevac, Vrnjacka Banja (Serbia)
- Prof. Marina Simin PhD, College of professional studies in Management and Business Communication, Sremski Karlovci (Serbia)
- Prof. Miladin Kalinic, College of professional studies in Management and Business Communication, Sremski Karlovci (Serbia)
  Prof. Marijan Tanushevski PhD, Macedonian Scientific Society, Bitola (N. Macedonia)
- Prof. Mitre Stojanovski PhD, Faculty of Biotechnical sciences, Bitola (N.Macedonia)
- Prof. Miodrag Smelcerovic PhD, High Technological and Artistic Vocational School, Leskovac (Serbia)
- Prof. Nadka Kostadinova, Faculty of Economics, Trakia University, Stara Zagora (Bulgaria)
- Prof. Natalija Kirejenko PhD, Faculty For economic and Business, Institute of Entrepreneurial Activity, Minsk (Belarus)
- Prof. Nenad Taneski PhD, Military Academy "Mihailo Apostolski", Skopje (N.Macedonia)
- Prof. Nevenka Tatkovic PhD, Juraj Dobrila University of Pula, Pula (Croatia)
- Prof. Nedzad Korajlic PhD, Faculty of criminal justice and security, University of Sarajevo (Bosnia and Herzegovina)
- Prof. Nikola Sabev, PhD, Angel Kanchev University of Ruse, Ruse (Bulgaria)

- Prof. Nonka Mateva PhD, Medical University, Plovdiv (Bulgaria)
- Prof. Nikolay Georgiev PhD, “Todor Kableshkov” University of Transport, Sofia (Bulgaria)
- Prof. Nishad M. Navaz PhD, Kingdom University (India)
- Prof. Nano Ruzhin PhD , Faculty of Law, AUE-FON University, Skopje (N.Macedonia)
- Prof. Oliver Dimitrijevic PhD, High medicine school for professional studies “Hipokrat”, Bujanovac (Serbia)
- Prof. Paul Sergius Koku, PhD, Florida State University, Florida (USA)
- Prof. Primoz Dolenc, PhD, Faculty of Management, Primorska University, Koper (Slovenia)
- Prof. Petar Kolev PhD, “Todor Kableshkov” University of Transport, Sofia (Bulgaria)
- Prof. Pere Tumbas PhD, Faculty of Economics, University of Novi Sad, Subotica (Serbia)
- Prof. Rade Ratkovic PhD, Faculty of Business and Tourism, Budva (Montenegro)
- Prof. Rositsa Chobanova PhD, University of Telecommunications and Posts, Sofia (Bulgaria)
- Prof. Rossana Piccolo PhD, Università degli studi della Campania - Luigi Vanvitelli (Italy)
- Prof. Rumen Valcovski PhD, Imunolab Sofia (Bulgaria)
- Prof. Rumen Stefanov PhD, Faculty of public health, Medical University of Plovdiv (Bulgaria)

Prof. Rumen Tomov PhD, University of Forestry, Sofia (Bulgaria)

- Prof. Sasho Korunoski PhD, UKLO, Bitola (N.Macedonia)
- Prof. Snezhana Lazarevic, PhD, College of Sports and Health, Belgrade (Serbia)
- Prof. Vasil Markov PhD, Faculty of Arts, SWU Neofit Rilski, Blagoevgrad (Bulgaria)
- Prof. Stojna Ristevska PhD, High Medicine School, Bitola, (N. Macedonia)
- Prof. Suzana Pavlovic PhD, High health – sanitary school for professional studies, Belgrade (Serbia)
- Prof. Sandra Zivanovic, PhD, Faculty of Hotel Management and Tourism, University of Kragujevac, Vrnjacka Banja (Serbia)
- Prof. Shyqeri Kabashi, College “Biznesi”, Prishtina (Kosovo)
- Prof. Temelko Risteski PhD, Faculty of Law, AUE-FON University, Skopje (N. Macedonia)
- Prof. Todor Krystevich, D.A. Tsenov Academy of Economics, Svishtov (Bulgaria)
- Prof. Todorka Atanasova, Faculty of Economics, Trakia University, Stara Zagora (Bulgaria)
- Prof. Tzako Pantaleev PhD, NBUniversity , Sofia (Bulgaria)
- Prof. Vojislav Babic PhD, Institute of Sociology, University of Belgrade (Serbia)
- Prof. Volodymyr Denysyuk, PhD, Dobrov Center for Scientific and Technologogical Potential and History studies at the National Academy of Sciences of Ukraine (Ukraine)
- Prof. Valentina Staneva PhD, “Todor Kableshkov” University of Transport, Sofia (Bulgaria)
- Prof. Venus Del Rosario PhD, Arab Open University (Philippines)
- Prof. Vjollca Dibra PhD, University of Gjakova “Fehmi Agani” (Kosovo)
- Prof. Yuri Doroshenko PhD, Dean, Faculty of Economics and Management, Belgorod (Russian Federation)
- Prof. Zlatko Pejkovski, PhD, Faculty of Agricultural Sciences, UKIM, Skopje (N.Macedonia)
- Prof. Zivota Radosavljevik PhD, Faculty FORCUP, Union University, Belgrade (Serbia)
- Prof. Zorka Jugovic PhD, High health – sanitary school for professional studies, Belgrade (Serbia)

## REVIEW PROCEDURE AND REVIEW BOARD

Each paper is reviewed by the editor and, if it is judged suitable for this publication, it is then sent to two referees for double blind peer review.

The editorial review board is consisted of 67 members, full professors in the fields 1) Natural and mathematical sciences, 2) Technical and technological sciences, 3) Medical sciences and Health, 4) Biotechnical sciences, 5) Social sciences, and 6) Humanities from all the Balkan countries and the region.

**CONTENTS**

TAX EVASION AND EDUCATION LEVEL: EVIDENCE FROM THE EUROPEAN UNION COUNTRIES ..... 17
Vojislav Babic ..... 17
Siniša Zarić ..... 17
ILLITERACY AND LOW LEVEL OF EDUCATION AS A BARRIER FOR ROMA TO ENTERING THE LABOUR MARKET ..... 23
Aleksandar Racz ..... 23
EDUCATION AND LEGISLATION AS IMPORTANT FACTORS OF TOURISM DEVELOPMENT IN THE REPUBLIC OF SERBIA ..... 29
Mirjana Knežević ..... 29
Lela Ristić ..... 29
Danijela Despotović ..... 29
MANAGEMENT IN PRESCHOOL INSTITUTION ..... 37
Despina Sivevska ..... 37
Jadranka Runceva ..... 37
ORGANIZATION OF ACCOUNTING FOR PREPARATION OF REPORTS FOR ECONOMIC BUSINESS ANALYSIS ..... 45
Ljiljana Stošić Mihajlović ..... 45
METHODOLOGICAL ISSUES OF THE ANALYSIS OF THE FINANCIAL RESULTS OF THE ENTERPRISE ..... 51
Rositsa Ivanova ..... 51
ECONOMIC ANALYSIS OF ACCOUNTING INDICATORS IN THE FUNCTION OF MAKING A DECISION ON LOAN AND BORROWING ..... 59
Ljiljana Stošić Mihajlović ..... 59
DISCLOSURE OF TECHNICAL PROVISIONS IN THE FINANCIAL STATEMENTS OF THE PENSION INSURANCE COMPANIES ..... 65
Maia Iankova Natchkova ..... 65
SECTORAL DYNAMICS AFTER 2008-2009 CRISIS IN BULGARIA: PANEL DATA ANALYSIS BY CLASSICAL PRODUCTION FUNCTION ..... 71
Venelin Boshnakov ..... 71
OPERATIONAL BUDGETING AS A MANAGEMENT TOOL OF THE ENTERPRISE ..... 75
Magdalena Petrova-Kirova ..... 75
THE IMPACT OF LOAN PORTFOLIO GROWTH ON NON PERFORMING LOANS IN COMMERCIAL BANKS IN KOSOVO ..... 81
Fitim Raci ..... 81
Refik Havolli ..... 81
ECONOMIC MODEL FOR THE FUNCTIONING OF A SMALL CREDIT COMPANY ..... 87
Stanimira Mineva ..... 87
EXPORT DIVERSIFICATION IN THE CEFTA 2006 REGION. A „U“ SHAPE PATTERN ..... 95
Milan Tomić ..... 95
Nina Uremović ..... 95
Marija Antonijević ..... 95
Bojan Pejović ..... 95
FINANCIAL CRISIS AND CURRENCY MOVEMENT ..... 101
Pavle Trpeski ..... 101
Vesna Korunovska ..... 101
Gordana Stojmenovic ..... 101
Miodrag Smelcerovic ..... 101

ATTITUDES OF ROMA WOMEN IN ISOLATED ROMA SETTLEMENTS ON THE ACCEPTABILITY OF VIOLENCE AGAINST WOMEN ..... 107
Aleksandar Racz ..... 107
BUILDING SOCIAL CAPITAL: A ROAD TOWARDS ECONOMIC DEVELOPMENT ..... 113
Goran Golubovski ..... 113
CURRENT TREND OF SOCIOECONOMICS IN ALBANIA, KOSOVO, SERBIA, NORTH MACEDONIA, MONTENEGRO, BOSNIA AND HERZEGOVINA ..... 119
Gentiana Gega ..... 119
THE SOCIAL STATE IN THE 21ST CENTURY - MYTH OR REALITY ..... 125
Sevdalina Dimitrova ..... 125
TQM AND MARKETING: TWO-PRONG CONTRIBUTION TOWARDS CUSTOMER SATISFACTION ..... 133
Marina Kantardjieva ..... 133
Goran Golubovski ..... 133
Irena Ashtalkoska ..... 133
MANAGEMENT OF PROCESS AND PRODUCT INNOVATION ..... 139
Srdjan Milićević ..... 139
TYPES OF SKILLS IN THE STRUCTURE OF THE SERVQUAL METHODOLOGY ..... 145
Darina Mineva ..... 145
THE INFLUENCE OF E-BUSINESS MODELS ON THE DEVELOPMENT OF INNOVATIVE MODELS ..... 149
Denis Stojkanović ..... 149
Zdravka Petković ..... 149
Vladimir Grdinić ..... 149
E-HEALTH - A NECESSARY CONDITION FOR IMPROVING THE NATIONAL HEALTH INDICATORS ..... 157
Svetlana Svetlozarova Sabotinova ..... 157
THE CAUSAL CONNECTION BETWEEN THE CONCEPT OF SUSTAINABLE DEVELOPMENT AND THE CLIMATE CHANGE MANAGEMENT ..... 165
Elena Gjuroska ..... 165
LOGISTIC CENTERS IN GERMANY- THE PERFECT FRAMEWORK OF THE ACTION PLAN ..... 173
Emilija Bozhinovska ..... 173
TRIPLE BOTTOM LINE: HISTORY, DEFINITION & OBSTACLES TO IMPLEMENTATION ..... 179
Goran Golubovski ..... 179
Marina Kantardjieva ..... 179
INNOVATIVE GREEN PRACTICES IN SUPPORT OF SUSTAINABLE DEVELOPMENT OF THE BULGARIAN TOURISM PRODUCT ..... 185
Iva Bichurova ..... 185
RURAL TOURISM AS AN OPPORTUNITY FOR ECONOMIC DEVELOPMENT OF THE MARIOVO REGION IN THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA ..... 193
Vladimir Kitanov ..... 193
APPROACHES TO CONTEMPORARY TOURIST ANIMATION ON THE BULGARIAN BLACK SEA COAST WITH FOCUS ON CHILDREN'S PARTICIPATION ..... 199
Gergana Minkovska ..... 199
INFLUENCE ON DIGITAL MARKETING IN TRAVEL AGENCIES IN NORTH MACEDONIA ..... 205
Sanja Krnche ..... 205
TENDENCIES OF THE DEVELOPMENT OF PUBLIC SERVICES IN THE REPUBLIC OF CROATIA ..... 213
Jelena Dujmović Bocka ..... 213

GUARANTEES FOR THE INDEPENDENCE OF THE PUBLIC SERVICE MEDIA IN BULGARIA WITHIN THE REGULATION ........ 219
Alexander Velev ........ 219
MINORS SEX TRAFFICKING ........ 225
Ivana Luknar ........ 225
Ilija Životić ........ 225
THE MACEDONIAN-THESSALONIKI FRONT 1916-1918 ........ 231
Oliver Cackov ........ 231
Verica Josimovska ........ 231
ISSUES OF EXECUTION OF FINAL JUDICIAL DECISIONS, AS AN ELEMENT OF THE RIGHT TO A DUE PROCESS OF LAW ........ 237
Joniada Musaraj ........ 237
IPSAS IMPLEMENTATION PROCESS IN NATO - HISTORICAL CONTEXT, CHALLENGES, ASSESSMENT AND DEVELOPMENT DURING THE LAST TWO DECADES ........ 243
Desislava Yosifova ........ 243
ANALYSIS OF THE ELECTORAL SYSTEM FOR PRESIDENTIAL ELECTIONS IN THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA: ADVANTAGES AND DISADVANTAGES ........ 251
Lindita Neziri ........ 251
THE WORLD IN ONE VOICE IN THE BATTLE AGAINST COVID 19 ........ 257
Emilija Icoska ........ 257

# RURAL TOURISM AS AN OPPORTUNITY FOR ECONOMIC DEVELOPMENT OF THE MARIOVO REGION IN THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA

**Vladimir Kitanov**
University "Goce Delcev" Stip, N. Macedonia, vladimir.kitanov@ugd.edu.mk

**Abstract:** The Mariovo area is characterized by its history, ethnology, tradition and culture. It is located in the extreme southern part of the Republic of Macedonia. This area was inhabited in the period of antiquity, and was also part of Ancient Macedonia, as evidenced by numerous remains and objects from antiquity. The key tourist link for Mariovo in the near future will be the need to introduce exceptional changes in the traditional way of life and living, and the support of rural tourism by enriching the tourist supply and demand will significantly contribute to tourism development in Mariovo.
**Keywords**: economic development, tourism, destination, Mariovo, potential, unused, unusual

# РУРАЛНИОТ ТУРИЗАМ КАКО МОЖНОСТ ЗА ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА МАРИОВСКИОТ РЕГИОН ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Владимир Китанов**
Универзитет "Гоце Делчев", Штип, С. Македонија, vladimir.kitanov@ugd.edu.mk

**Апстракт:** Мариовскиот предел е карактеристичен по својата историја, етнологија, традиција и култура. Тој се наоѓа во крајниот јужен дел на Република Македонија. Овој крај бил населен уште во периодот на антиката, а исто така бил и дел од Античка Македонија, за што сведочат бројни остатоци и предмети од антиката. Клучната туристичка алка за Мариово во најблиска иднина ќе биде потребата од воведување на исклучителни измени во традиционалниот начин на однесување и живеење, а поддршката на руралниот туризам преку збогатување на туристичката понуда и побарувачка во значителна мера ќе придонесе за туристички развој на мариовскиот предел.
**Клучни зборови**: економски развој, туризам, дестинација, Мариово, потенцијал, неискористеност, несекојдневност

Мариово располага со „недопрена" природна средина. Тој предел е домаќин на најголемиот кањон во Република Северна Македонија долж реката Црна во должина од над 100км. Прекрасната природа насекаде им овозможува на посетителите уникатно чувство и за просторот и оддалеченоста од урбанизацијата. Неговото природно живеалиште вклучува голема мешавина на животински, цветни, растителни и дрвни видови ендемични на Балканот – но тоа вклучува и два вида на отровни змии. Планините, долините и селата се поврзани со голема мрежа на патеки и земјени патишта. Последно, но не и најмалку важно, во Мариово се сместени бројни историски, културни и религиозни локалитети - вклучително и многу манастири и остатоци од Римската империја, а дел од нив е и Via Egnatia. Како такво, Мариово може да им понуди идеално искуство на љубителите на природата, но особено на оние кои бараат спокојство, целосно „бегство" од градот, активности на отворено, а досега се мапирани четири велосипедски патеки и големи можности за разновидно разгледување.

Мариово е планински регион кој се наоѓа во јужниот дел на Република Северна Македонија и зафаќа површина од 1390km2 . Овој регион има просечна надморска височина од 1050 метри и се наоѓа помеѓу неколку планински синџири, односно Селечка, Ниџе, Кожуф, Козјак и Дрен, а највисокиот врв е планината Кајмакчалан со висина од 2520м. Мариово моментално е под управа на три општини: Прилеп на север, Новаци на запад и Кавадарци на исток. Мариовскиот регион е ненаселен и населението кое сѐ уште живее таму брзо старее. Пописот од 2002 година броел 839 Мариовци распоредени во 28 населени места. Во селото Градешница, денес има 70 жители - просечна возраст од 65 години, од вкупното население од 1019 жители кое броело во 1961 година. Со намалувањето на населението, училиштата во Мариово биле затворени, што резултирало со вкупно ниско ниво на образование кај оние што живеат таму. Така, иако Мариовци би имале корист од одредена поголема туризам и би биле дел од искуството во Мариово, нивниот профил не е точно усогласен со оној на „угостителските претприемачи", па така слободно може да се каже дека тие најверојатно ќе дојдат надвор од Мариово. Населбите во Мариово би можеле да се наречат „напуштени села" бидејќи опфаќаат многу голем процент на ненаселени куќи оставени да се распаѓаат. Ова е резултат на

значителна имиграција од 1960-тите, како и исклучително малата дадена економска можност за да се задржат младите во овој регион. Поголемиот дел од земјиштето е со прилично слаб квалитет, необработено или оставено само за пасење овци; она што се одгледува е за егзистенцијално земјоделство или готовински култури како тутунот9 . Сепак, напуштените села се составен дел од уникатната атмосфера на Мариово, обезбедувајќи им на посетителите чувство на изолација и бегство во недопрената природна средина. На овој начин, напуштените села би биле дел од туристичкото мариовско искуство.

Мариовскиот предел бил населен уште од античко време, а истиот бил и дел од Античка Македонија, за што сведочат остатоци од многу тврдини и пронајдоци на штитови и останати предмети од антиката. На подрачјето на Мариово во 1564-65 година се случила познатата Мариовска Буна која била првата масовна форма на отпор на македонскиот народ против Османлиската власт поттикната од бесправните даноци и неподносливите услови за живот, а подоцна во 1688-89 била подигната уште една Мариовска буна под влијание на Карпошовото востание. Мариово од секогаш важело за македонски бунтовен и немирен крај не само за турските власти, туку и за сите натамошни окупаторски власти. Имено, целиот мариовски предел бил еден од ретките области во кои, за целото владеење на Османлиите, немало процеси на исламизација и колонизација на турско и муслиманско население. За време на нивното владеење, особено во раниот период, целата оваа област претставувала посебна административна единица наречена „хас“ (автономна покраина) која му плаќала одредена сума на пари на султанот, а за возврат жителите не биле поданици на беговите и не биле цел на нивните малтретирања и изживувања. Кон крајот на турското владеење, во илинденскиот период познатиот Шаќир Војвода од Мариово водел борби со турскиот аскер, како реонски војвода на областа.

Моменталната туристичка понуда во мариовскиот предел е исклучително мала. И покрај тоа што некои приватни сместувања можеби им се познати на оние кои се тесно поврзани со Мариово, нема голем број на соби за изнајмување, кревети, хотели, барови и ресторани кои лесно може да се идентификуваат во јавниот домен. Може да се подигнат импровизирани кампови за годишни настани како џип турнеи, мото турнеи и планински велосипедски турнеи, но не постојат постојани кампови опремени да ги задоволат стандардите што ги бараат туристите кои бараат удобност/погодност. Во овој предел постои само еден ресторан. Истото важи и за услугите за поддршка како професионални, сертифицирани природни водичи или историски водичи. Денес, повеќето од оние кои го посетуваат Мариово тоа го прават за време на дневните патувања со автомобил, со ноќевање во Битола или Прилеп. Во Мариово само по себе нема или има многу мал туризам за подолг престој (една недела или повеќе). Некои туристички агенции во Битола и Прилеп го додале Мариово во своето портфолио, но само за да организираат кратки екскурзии таму, вклучително и на теренци. Последново го одразува фактот дека поголемиот дел од Мариово денес може да се открие само со возење по земјени патишта, додека планинарите и планинските велосипедисти имаат многу ограничен број обележани патеки. Исто така, постои целосен недостаток на малопродажни места. Оттука, ако некој го посети Мариово и се одлучи за пикник или импровизирано пренокување во сопствениот шатор на сред поле, мора да ги носи сета храна и пијалоци заедно и однадвор. Плус, ако едно диво кампување заврши со каснување од змија, ќе мора да оди во Битола или Прилеп на лекување бидејќи нема медицински услуги за евакуација. Затоа, многу аспекти на производниот елемент на маркетинг миксот на Мариово остануваат да се развијат од нула. Без нив нема да постои можност за развој на туризмот во овој регион. Повеќето од туристите доаѓаат на кратки патувања од 1-2 дена и се Македонци, претежно од Битола и Прилеп; многумина имаат семејни корени во Мариово. Тие доаѓаат да пешачат, да возат велосипед, да направат пикник, да присуствуваат на годишни настани како џип турнеи или планински велосипедски турнеи, да посетуваат манастири на верски празници или да престојуваат во викендици. Повремено им се придружуваат туристи од Скопје за време на долгите викенд одмори. Од останатите националности, мариовскиот дел го посетуваат Грците од регионот на Лерин кои доаѓаат на кратка екскурзија до овој предел или пак одат на летни одмори до Охрид. Тие ретко доаѓаат на подолг престој, но оние кои доаѓаат се претежно жители на Македонија или припадници на дијаспората со викендици во Мариово. Други специфични групи меѓу посетителите кои доаѓаат на подолг престој се оние кои доаѓаат да го „истражат“ регионот во текот на летото и се занимаваат со диво кампување, истражувачи на научни патувања (на пример, археологија и историја на Првата светска војна) и ловци (диви свињи), а истите тоа го прават најмногу и конкретно во есенскиот и зимскиот период.

Руралниот туризам претставува многу важна развојна можност за Република Северна Македонија, како и за Мариовскиот дел и населените места во неговото пошироко подрачје, бидејќи значителен број од оние кои останале без работа во градовите имаат каде да се вратат на село и да се адаптираат, односно да ги уредуваат домаќинствата за пречек на туристи. Иако на прв изглед сето ова изгледа и звучи утописки, сепак, условите за да може да се исполни тоа се следните: − обезбедување на почетни средства; − едукација на

домаќинствата и контрола на квалитетот на услугите; − интересно здружување на домаќинствата; − паралелно развивање на планираната понуда; − екскурзиски и планинарски маршрути; − лов; − коњички тури; − тури со offroad возила − велосипедизам итн. Сето ова многу повеќе ќе зависи од локалната иницијатива, идејата на локалното население и неговите организациски вештини и креативност да ги согледа сопствените особености и да ги претвори во производ. Туризмот може да се увезува од странство, а неговиот сопственик мора да стане локален жител, бидејќи сезонската туристичка понуда може да трае само неколку месеци, а остатокот од годината туризмот мора да се потпира на локалните ресурси на мариовскиот предел. За мариовскиот дел сето тоа ќе значи мобилизирање на целото рурално подрачје. Во креирањето на туристичката понуда ќе има потреба да се искористи традиционалното сточарство. На пример, еден турист најдобро ќе ги исполни своите мотиви и очекувања во однос искористувањето на слободното време во Мариово доколку во овој предел јава коњ, пешачи по многубројните диви патеки, проба соодветно сирење, пита, ги посети локациите каде што се снимани многубројни филмови итн

Секојдневно се зголемува бројот на области кои се развиваат или планираат туристички да се развијат во регионот, па затоа исклучително неопходно е да се изнајдат нови и алтернативни туристички производи во мариовскиот предел. Регионите кои едноставно ги копираат постоечките атракции нема да им понудат ништо ново на туристите, па затоа обичниот турист при својот избор ќе биде насочуван на она место каде што туристичката традиција е подолга и попозната. Значи, не е доволно Мариово да има единствена атракција. Кога ќе пристигнат, на туристите мора да им се понуди избор, класични туристички активности – јавање коњи, возење велосипед, offroad тури, планинарење, лов, риболов, локални производи, но треба да им се понуди и нешто ново - можеби да научат нешто за производот, одредена специфичност за неговото потекло. Само таквиот начин на функционирање може да ги наведе туристите да останат подолго во мариовскиот предел или да учествуваат во повеќе активности.

Постојат одредени сличности меѓу спортот и туризмот, но и суштински разлики. Туризмот е активност која е заснована на искуство, а спортот е активност базирана на достигнувања (резултати), иако во рекреативниот спорт тоа е исклучок. Некои спортски активности се директно поврзани со туризмот, како што се: скијање и други снежни спортови, планинарење (качување), пливање, алпинизмот, велосипедизам, „воздушни“ спортови, лов, фудбал, тенис, кошарка, ракомет, одбојка, хокеј на трева и автомобилизам. Сепак, за да може посетителите во мариовскиот предел да се занимаваат со вакви рекреативни спортови, неопходно е да се обезбеди превоз, сместување и опрема. За да може да се види важноста на рекреативниот спорт во развојот на туризмот во Мариово, неопходно е да се разгледаат: влијанието на зголеменото учество на рекреативниот спорт и подобрената инфраструктура врз туризмот; употребата на рекреативниот спорт за создавање и одржување на туризмот и различните форми на спортски туризам, кои илустрираат како спортот влијае на туризмот.

Традиционална храна во мариовските села не е само леб со путер и џем. Масите треба да бидат полни со домашно месо, разни месни производи, сирење, јајца, кисело овчо и кравјо млеко, јогурт, свеж рачно замесен и печен леб, пченкарно брашно и каша, свежо набрано сезонско овошје и зеленчук, на кои тешко може да се одолее. Малиот број на жители на мариовските немаат модерна храна, секој има свои специјалитети и свој избор, а на туристите им се нуди најдоброто од сопствената кујна. Храната е вкусна, хранлива, одгледувана во сопствени градини и овоштарници и има потенцијал да одговара на сите, бидејќи има по нешто за секого - за гурмани и вегетаријанци, за возрасни и деца, иако уште многу недостасува за сето ова да се негува и да се сведе на вистинска мерка. Во зависност од чувствата на домаќинот, храната често треба да се служи во исклучиво традиционални јадења, карактеристични за мариовскиот предел или поблискиот регион. Добрата храна оди со добар пијалок. Домашните сокови и пијалоци од малини, капини, цреши и сл.,рани видови домашна ракија и вино, треба да бидат составен дел од туристичката понуда во мариовскиот дел. Сите овие производи мора да бидат во голема мера прилагодени на современите стандарди за квалитет и безбедност, како и да се подобрат со воведување на современи технологии за да се исполнат современите препораки за исхрана (на пр. големи количини шеќер во овошните производи мора да бидат алтернатива на оние за кои се препорачува такво производство итн.). Секое мариовско село има свои традиции и обичаи. Многу е попривлечно за турист и има посебно значење кога домаќинката служи и послужува храна на масата, отколку кога тоа го прави професионален келнер ангажиран да послужува храна во тоа домаќинство. Затоа, најдобро е еден од членовите на домаќинството да ја има оваа работа како посебна должност. Истовремено, многу е важно да се зачува природноста и традицијата на односите во селата, гостопримството, топлината и едноставноста. Токму поради сето ова, секое рурално домаќинство во мариовскиот крај треба го задржи своето традиционално гостопримство само доколку има позитивен економски ефект од неговите активности, а тоа може да се обезбеди само доколку понудата е квалитетна и постојана, не спонтана и различна во различни аспекти (иако дозата на позитивно изненадување може да

биде присутноста, како и различноста на понудата поврзана со временските, сезонските и другите животни динамики)

Пчеларите од мариовскиот регион, иако малку на број во денешно време, сѐ уште не се доволно информирани за можностите кои им стојат на располагање за едно поуспешно производство. Тие се недоволно запознаени со различни грантови од фондовите на Европската унија, националните помоши или банкарски сектори, кон кои треба да се насочат во блиска иднина. Потоа, тука е големата неорганизираност на пчеларите и неинформираноста за актуелните техники и технологија. Самите пчелари не комуницираат доволно, не споделуваат доволно искуства, што може да биде навистина пресудно во некои ситуации. Голем проблем е и неефикасноста на локалните, регионалните и окружните тела. Сѐ е систематски неповрзано и не функционира како што би можело да се замисли. Затоа, постојат големи можности за развој кои можат да се појават со извршување и дополнување на овие споменати проблеми во мариовскиот дел. Доколку пчеларството е економска активност, што несомнено è, тогаш во таа дејност има многу деловни системи, меѓусебно поврзани со заеднички интереси и цели кон кои треба во иднина да се насочат мариовските пчелари.

Областа што ја зафаќаат Мариово и Раечката котлина има исклучително сложен и разновиден геолошки состав и тектоника. Според досегашните проучувања на поголем број научници, утврдени се разновидни петрографски и минеролошки видови на карпи кои се со различна структура и потекло. Карпите во мариовскиот дел се составени најмногу од: магматско, метаморфно и седиментно потекло, додека нивната старост е различна почнувајќи од пред Камбриум се до Квартер. Поголемиот дел од територијата на Мариово морфолошки и генетски и припаѓа на Пелагониската зона т.е на Пелагонискиот хорст – антиклинориум додека помал дел од источната страна и припаѓа на суб Вардарската зона. Од досегашните проучувања на Мариово се заклучува дека карпите што го образуваат регионот можат да се поделат на три литолошки серии и тоа: Гнајсеви, Шкрилци и Мермери и Мешана серија. Разновидноста и монументалноста на денудациските форми претставуваат исклучителен геоморфолошки феномен во мариовскиот предел, а истите може да најчесто да се видат во пределот на планината Ниџе. Овие форми се уникатни како според димензиите, така и според живописниот облик на микро-релјефните форми. Во мариовскиот дел се наоѓа Мелничката Пештера која е најдолгата, со лавиринтски пештерски канали во должина од 700м. Во нејзина близина се наоѓа, веројатно најзначајната пештера во Македонија, пештерата Провалата. Иако релативно мала по димензии, таа е единствената пештера во Македонија чии канали делумно се формирани од сулфурна киселина, при што како последица во пештерата се формирани гипсни украси.

Република Северна Македонија се наоѓа во процес на дефинирање на развојните економски сектори во кои може да се постигне успех, каде што ќе треба брзо да изгради и имплементира конкурентни туристички стратегии за раст, како независно, така и со поддршка на меѓународната заедница. Во овој контекст, туризмот се јавува како неизбежен сектор со неискористен потенцијал. Ова е последица на досегашната развојна политика на нашата држава, во која туризмот не е препознаен како развојна економска дејност. При изнаоѓање на нов идентитет и насоки на економски развој на руралните области како што е Мариово во Република Северна Македонија, реално е да се прифатат новите трендови во Европа и земјите кои веќе го поминале периодот на транзиција, приспособувајќи ја и дополнувајќи ја сегашната улога на селата и руралните области со разновидна понуда и воведување на туризмот како една од основните дејности. Поттикнувањето и поддршката со цел побрз развој на економските активности во руралните средини и развојот на човечките ресурси во областа на руралниот развој се од големо значење. Воспоставувањето добра соработка и зајакнувањето на социјалниот капитал, преку подигање на свеста за заштита на животната средина и одржливо користење на сите рурални ресурси во мариовскиот дел (природно, културно и историско наследство), во голема мера придонесуваат за развојот овој предел. Во моментов Република Македонија има само компаративни предности во туризмот, што значи дека има разновидна структура на туристичка понуда, територијата е блиска до традиционалните и нови туристички пазари, има долга историја и општа препознатливост, зачувани природни ресурси, релативно добри комуникации и голем човечки потенцијал. Процесот на трансформација на компаративните во конкурентни предности во македонскиот туризам се дел од целокупниот реформски процес, како и политичкиот однос кон туризмот како важен креатор на националната благосостојба. Нашата држава сѐ уште не инвестира доволно во руралниот развој. Државната администрација не е свесна за важноста на руралниот развој, а државната политика за рурален развој сѐ уште не остава доволно простор за афирмација и искористување на територијалните специфики, така што преку правилен избор на целта за поддршка, нивната максимална трансформација од ограничувања во развој, можностите за развој значително ќе се зголемат. Од клучно значење за развојот на македонската економија, а особено на целиот мариовски дел, е врската помеѓу

зачуваната природа и традиционалното сточарство, изразена преку високиот квалитет на сточарските производи и високиот биодиверзитет што го обезбедува ова екстензивно, локално производство

**ЛИТЕРАТУРА**

Котески, Ц., Димитров, & Јаковлев, З. (2020). Услови за развој на руралниот туризам во Мариово, 20 години Пелагониски Културно – научни средби, Зборник на трудови 16, Новаци, Универзитет ,,Гоце Делчев", Факултет за Туризам и бизнис логистика – Гевгелија

Котески, Ц., Димитров, & Јаковлев, З. (2018). Картографско претставување на геолошката и геоморфолошката градба (тектониката) на Мариово и Раечка котлина како дел од сливот на Црна река, Пелагониски Културно – научни средби, Зборник на трудови 14, Новаци, Универзитет ,,Гоце Делчев", Факултет за Туризам и бизнис логистика – Гевгелија

Методијески, Д. (2012). Туризмот во руралните средини, Современост

Bloom, J., & Boehnlein, D. (2016). Practical Permaculture: for Home Landscapes, Your Community, and the Whole Earth, Timber Press

Douglas, N., & Derrett, R. (2019). Special Interest Tourism. Brisbane: John Wiley & Sons

Kala, D., & Bagri, S. (2020). Global Opportunities and Challenges for Rural and Mountain Tourism, IGI Global

Medojević, J., Milosavljević, S., & Punišić, M. (2011). Paradigms of rural tourism in Serbia in the function of village revitalization, Human geographies - Journal of studies and research in human geography

Oriade, A., & Robinson, P. (2017). Rural Tourism and Enterprise: Management, Marketing and Sustainability, CABI

Testra, R., Galati, A., Schifani, G., Di Trapani, A., & Migliore, G. (2019). Culinary Tourism Experiences in Agri-Tourism Destinations and Sustainable Consumption—Understanding Italian Tourists' Motivations, Department of Agricultural, Food and Forestry Sciences, University of Palermo